FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Објавените информации и ставови не ги претставуваат официјалните ставови на Фондацијата Отворено општество – Македонија

Втор мониторинг извештај

# „РЕФОРМИ ВО СУДСТВОТО – октомври-декември 2017“

*Проект: „Заедничка акција за итни реформи во судството“*

Вториот мониторинг извештај е продолжение на првиот извештај „Реформи во судството – од Прибе 1 до Прибе 2 и потоа“, а се однесува на последниот квартал од 2017 година. И овој извештај е базиран на истите документи кои ги утврдуваат ИТНИТЕ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ (ИРП) и е изработен воглавно следејќи ја Методологијата со мониторинг матрицата, изготвена во рамки на овој проект.

**1.** **деполитизација на изборот и на унапредувањето на судиите и на јавните обвинители во практиката, а не само во теоријата, врз основа на транспарентни, објективни и на критериуми засновани на заслуги;**

**2.** **примена на хармонизиран систем на учинок заснован на квантитатитвни, но и на квалитативни станданрди, како основа за кариерен напредок во судството и во јавното обвинителство;**

| Надлежен орган | октомври-декември 2017 |
|---|---|
| Судски совет на РМ | • на седниците од ноември 2017 г. на кои се избираа претседатели на судови и судии во повисоки судови, ССРМ ја напушти досегашната практика да го избира кандидатот кој има најголем број бодови на ранг листата, туку ги истакнаа и критериумите содржани во член 41 од Законот за Судскиот совет кои не се бодирани и врз основа на нив ги избираа кандидатите.<br>• во јавноста се присутни голем број дилеми во врска со начинот на примена на критериумите од Законот за Судскиот совет и Законот за судовите, а особено поради фактот што ССРМ гласа за секој нареден кандидат, се до кандидатот кој ќе го добие потребното мнозинство. За останатите кандидати не се гласаше. При гласањето членовите на ССРМ не се изјаснуваа поединечно за секој кандидат, со цел да го образложат својот глас. За прв пат беа направени и посебни ранг листи (една мнозинска и една листа според принципот на правична застапеност (за кандидатите и од обете листи ССРМ гласаше со двојно мнозинство). Воедно новина при овие избори беше и истакнувањето на процентите од добиената поддршка од спроведената анкета на вработените во судот од каде доаѓа кандидатот. |
| Совет на јавни обвинители на РМ | • беше избран само еден јавен обвинител во Јавното обвинителство на РМ, на 6.12.2017 година, иако имаше пријавено кандидати и во други јавни обвинителства (некои од нив беа кандидати за раководни позиции). СЈОРМ одлучило да изврши само времено упатување, а изборот да го изврши откако ќе биде избран нов Јавен обвинител на РМ, за кого постапката беше во тек во Собранието на РМ во декември.<br>• нема разрешени јавни обвинители по ниту еден основ предвиден во Законот;<br>• поднесени се 56 претставки и поплаки на граѓани и на правни лица;<br>• Советот нема дадено мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, затоа што не е побарано мислење од овој орган и покрај законската обврска;<br>• Советот нема дадено мислења по закони од областа на делокругот на неговата работата поради тоа што не е побарано мислење од овој орган;<br>• согласно со Законот за Советот на јавни обвинители, седниците на Советот се затворени за јавноста. Советот има своја веб страна, која се ажурира со послаб интензитет, од причина што во нивната служба нема вработен информатички техничар. Сепак, се забележува напредок во транспарентноста на седниците на СЈОРМ, бидејќи за одржување на седницата на 6.12.2017 беше пратено известување и до новинарите за одржување на истата и Претседателот даде изјава веднаш по завршувањето на седницата. |

Институт за човекови права

Македонско здружение на млади правници

Институт за европска политика. Скопје

**3.** **да се отстранат елементите од системот за дисциплинска одговорност и за разрешување на судиите кои во моментов ја поткопуваат судската независност, и во теорија и во практика;**

| Надлежен орган | **октомври-декември 2017** |
|---|---|
| Совет за утврдување факти | • Советот за утврдување факти (скратен назив) и покрај објавените предлог- законски измени, во октомври 2017 г. со кои се предвидуваше укинување на овој орган, и понатаму активно учествуваше во сите јавни настани поврзани со реформите во правосудството и ја извршуваше својата функција. Така, по спроведената постапка која се води пред овој орган, во последната седмица од декември, поднесе 3 барања за утврдување одговорност на 8 судии, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција и истите ги достави до ССРМ; |
| Судскиот совет на РМ | • Судскиот совет на РМ, во ноември 2017 г. донесе одлуки за поведување постапка по 3 барања за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција. При тоа донесе одлуки со кои едно барање го отфрли како нецелосно, а едно барање го отфрли како недозволено. Овие две одлуки се транспарентно објавени на судскиот портал www.sud.mk и содржат образложение. По едно барање ССРМ донесе одлука со која еден од членовите на овој орган е определен за известител;<br>• По донесувањето на пресудата на ЕСЧП, Митриновски против РМ, уште во средината на 2015 година, Судскиот совет, по поднесеното барање од судијата Митриновски дозволи повторување на постапката и во повторената постапка, на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе одлука со која се утврдува нестручно и несовесно вршење на судиската функција на Јордан Митриновски. Јавноста за оваа одлука беше информирана преку соопштение објавено на 29.12.2017 година, но одлуката се' уште не е објавена. |
| Министерство за правда, Влада на РМ, Собрание на РМ | • по спроведување широк консултативен процес и презентирање на нацрт-верзијата на неколку јавни настани, а по усвојување на забелешките од Европската комисија, на 29.11.2017 година од страна на Министерството за правда и Владата на РМ, беше усвоена и објавена Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022, со Акциски план 2017-2022.<br>• на 28.12.2017 година Собранието на РМ, со просто мнозинство, го изгласа Законот за измени и дополнување на Законот за Судскиот Совет, кој стапи во сила наредниот ден откако беше објавен во Службен весник на РМ. Со овие измени предвидено е постапката за дисциплинска одговорност, да се води во Судскиот совет на РМ (вклучувајки ја и постапката за разрешување на судија и на претседател на суд). Исто така, во иднина претставките и поплаките граѓаните ќе ги доставуваат до Судскиот совет, а воведени се и одредби за зајакнување на транспарентноста и отчетноста на ССРМ, особено при изборот на судии и претседатели на судови.<br>• И покрај тоа што, од средината на декември, на дневен ред на пленарна седница беше и Законот за укинување на Законот за утврдување на факти и покренување постапка за утврдување одговорност на судија, до крајот на декември истиот не беше ставен на гласање, туку тоа беше оставено за почетокот на 2018 година. |

**4.** **обезбедување професионализам на Судскиот совет во практика, а не само во теорија (т.е. јасен и предвидлив тест за примена на критериумот „истакнат правник“)**

| Надлежен орган | октомври-декември 2017 |
|---|---|
| Судски совет на РМ | • не е извршен избор на членови на ССРМ, ниту од редот на истакнати правници, ниту од редот на судиите;<br>• согласно со препораките содржани во Вториот извештај на Прибе, од септември 2017 г., во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022, а особено во Акцискиот план кон истата (двата објавени на 29.11.2017 година), во стратешката цел 2.1.„Независност и непристрасност“ предвидено е законско прецизирање на условот „истакнат правник“ со подетални критериуми и членовите на ССРМ и СЈОРМ да не бидат избирани од редот на судиите и јавните обвинители. Со тоа ќе се мери успешноста на исполнувањето на оваа стратешка цел. Дефинирано е овие измени да бидат подготвени со формирање на работна група и со вклученост на стручната и академската јавност и граѓанскиот сектор. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот Совет на РМ (Сл.весник бр.197/2017) од 29.12.2017 |

| | |
|---|---|
| | година, кој беше изгласан во Собранието на РМ на 28.12.2017 година, не се предвидени измени во оваа насока, бидејќи во овој „прв сет“ измени фокусот е ставен на зголемувањето на транспарентноста во работењето, како и на преземањето на надлежностите од Советот за факти. Овие законски измени се најавени како „втор сет“ и би се донесувале паралелно со измените на Законот за судовите.<br>● во извештаите на Прибе оспорена е професионалноста на членовите на ССРМ, меѓу другото и поради непреземањето соодветни дејствија за испитување на можни злоупотреби на функционирањето на системот за случајна распределба на предмети (АКМИС) и надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник. По препораката на Прибе да се спроведе целосна и независна ревизија на АКМИС, со цел да се утврди дали и од кого овој систем бил злоупотребен, формираната Група од 8 лица, на 22.9.2017 година, изврши соодветни инспекции во Основниот суд Скопје 1, Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд на РМ и изготви извештај. Министерот за правда, на почетокот од декември 2017 г. објави дел од податоците од тој извештај, а извештајот, со целосните наоди како класифицирана информација, го достави до надлежните органи на понатамошно постапување, со цел утврдување евентуална одговорност за одредени лица. |

## 5. обезбедување проактивна улога на Судскиот совет и на највисоките судови во заштитата на независноста и во заштитата од влијанија (како преку подобрена комуникациска стратегија, така и преку одлучувачки акции за реагирање на влијанија или притисок).

| Надлежен орган | октомври-декември 2017 |
|---|---|
| Судски совет на РМ | ● во извештајниот период продолжи нововоспоставената практика на зачестено објавување соопштенија од ССРМ, па освен вообичаените соопштенија за закажување на седници и известувања за одржаните седници, ССРМ, на својата веб страна, објавува и соопштенија за работни посети и други активности од нивна надлежност. Соопштенијата за заклучоците од одржаните седници редовно се ажурирани на интернет-страната уште истиот ден. Сепак, соопштенијата не содржат детални информации за седницата, туку само се наведени точките на дневен ред по кои е гласано.<br>● Претседателот на ССРМ даваше изјави за медиуми и учествуваше во дебатни емисии, при што немаше конзистентен став во однос на примената на видот на критериумите за избор на судии и претседатели на судови. |

## 6. Да се унапреди квалитетот на обуката, буџетот и автономијата на Академијата за судии и јавни обвинители (и да се поттикне испраќањето на национални судии на стаж во ЕСЧП)

| Надлежен орган | октомври-декември 2017 |
|---|---|
| | ● Во нацрт – стратегијата беше предвидено одреден процент на кадри за судии и јавни обвинители да се избираат од редот на искусните правници, а не само од АСЈО. За разлика од тоа, во финалната верзија на Стратегијата[1], која беше усвоена од Владата на 28.11.2017 година, предвидено е регрутирање на кадри од ранг-листата на дипломци од АСЈО. Сепак, Стратегијата предвидува анализа за евентуално креирање на нова програма за посебна почетна обука за искусни долгодишни практичари, како и за континуираните обуки, преку редефинирање на програмите и методите за изведување на обуките[1]. Во неа е предвидено и воведување нови законски критериуми за состав на органите на управување и раководење на АСЈО, како и кадровско, техничко доекипирање и обезбедување соодветни просторни услови[2]. Согласно со ставот на АСЈО[2], потребни се измени во условите кои треба да ги исполнуваат членовите на управниот одбор. Ова посебно се однесува на условите за познавање на англискиот јазик што се предвидени со законот за АСЈО од 2015 година. Ваквиот став е особено значаен, особено ако се има предвид дека мандатите на членовите на УО на АСЈО и на директорот, се истечени. Новите членови на УО не се избирани по новиот Закон од 2015 година. Дополнително, критериумите за познавање на англискиот јазик на членовите на Програмскиот совет, придонесоа за дефицит на квалификувани предавачи од сите нивоа на судството и на Академијата. Во однос на кадровското доекипирање[4], иако во 2016 година е проширена систематизацијата на 47 работни места, во АСЈО има вкупно 18 вработени, од кои 16 административни службеници и 2 работници, согласно со ЗРО. Во последните 9 години непополнети се 15 работни места. Поради дефицит на кадар нема специјализација на работата, нема пополнети одделенија. Дополнително, не се унапредуваат вработените и не се стимулираат. АСЈО има |

техничка опременост, но истата е стара и има големи трошоци за поправки и амортизација. Потребна е нова зграда[5], салата за почетна обука не одговара за потребите на слушателите во почетна обука. Потребна е набавка и на пообемна литература и простор за читална. Електронското полагање на испитите остава простор за дилеми во однос на тоа дали ја постигнува целта за оценување на практичните вештини на слушателите[6].

- УО на АСЈО „Павел Шатев", на седницата одржана на 11 декември 2017 година донесе одлука[7] за поништување на Јавниот оглас за прием на 60 слушатели на почетна обука-кандидати за јавни обвинители, за кои постоеја основи на сомнение дека се пријавени со фалсификувани дипломи за познавање на англискиот јазик. За надминување на овие проблеми постојат мислења во стручната јавност дека се потребни законски измени во условот за познавање на англискиот јазик, во насока на ограничување на потеклото на тие сертификати, односно да бидат ограничени само од овластени тестатори во државава, или пак тестот за англиски јазик да биде во склоп на полагањето на приемниот испит во АСЈО.
- АСЈО континуирано работи на подобрување на квалитетот на обуките. За поздравување се организираните обуки, во текот на извештајниов период, за воедначување на домашната судска практика, подготвителната обука за работна посета „Вовед во германското право", како и меѓународната работилница на тема „ Стандардите на Европската унија за почетна обука на судии и јавни обвинители". Во текот на извештајниов период се организираа обуки и работилници за учесниците на континуирана обука, обучувачи и предавања на слушателите од шестата генерација слушатели на почетна обука. АСЈО започна со спроведување на пилот-проект за пост- тренинг евалуација[8]. За подобрување на квалитетот на обуките потребно е Академијата да располага со постојани предавачи кои ќе работат во нејзин состав и ќе подготвуваат материјали за предавањата, студии на случај[9]. Според Академијата, измените на Законот за АСЈО треба да се прават паралелно со измените на Законот за судови. На тој начин би се регулирал работниот ангажман на практичарите (судии) кои ќе работат во АСЈО за определен период како предавачи, со што би немале проблем да напредуваат во кариерата. Проблемот за ангажирање предавачи кои ќе работат во склоп на АСЈО, пред се' се однесува на практичарите, а не на професорите.
- АСЈО, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка и со средства од Германското сојузно министерство за надворешни работи, организирше програма за поддршка на македонскиот правнички подмладок. Во рамки на програмата е предвиден еднонеделен студиски престој во Германија, на кој младите македонски правници ќе се запознаат со германскиот правен систем, како пример за традиционален континенталноевропски правен систем кој е хармонизиран со правото на ЕУ. Подготвителната обука „Вовед во германското право" се одржа од 28 до 30 ноември во просториите на АСЈО. Сè уште нема испратено кандидати од редот на судиите и јавните обвинители по објавениот оглас на 12.4.2016[10] година за испраќање на 2 кандидати на 6-месечен престој и работа во ЕСЧП. Подготвена е листа на судии и обвинители (10 вкупно) во 2016 година, по бодирањето на кандидатите од Управниот одбор на АСЈО и истата е испратена до судот[11]. Проблемот е што, според судовите, шестмесечен престој е краток период за судиите да се стекнат со искуство кое може да го пренесат. Според судовите, ваквиот престој треба да биде за година или две[12].
- Буџетот на АСЈО, за 2017 година, изнесуваше 41.125.000,00 денари, а по извршениот ребаланс беше намален и изнесуваше 38.415.000,00. Потребно е зголемување на буџетот на АСЈО, поради финасиските импликации кои ги нудат законските решенија од 2015 г., како и за зголемување на квалитетот на обуките и за подобрување на техничките и инфраструктурните можности. АСЈО секоја буџетска година влегува во долгови. Потребно е зголемување на надоместокот на членовите на Програмскиот совет, со оглед на обемот и одговорноста на нивната работа[13].
- Во текот на извештајниот период се спроведуваше теоретска настава за слушателите на почетна обука, која заврши на крајот на ноември/почеток на декември 2017 година. На крајот на теоретската настава слушателите треба да полагаат тест за проверка на знаењата. Во текот на почетната обука беа направени измени на Правилникот за почетна обука, околу тестот за проверка на знаењата и оценувањето на писмените и домашните работи. Овие измени[14] го олеснуваат начинот на полагање на тестот, преку објавување на интернет страницата на АСЈО на база на прашања и практични студии за подготовка на тестот, најдоцна 60 дена пред полагањето. Прашањата се објавени на веб страната на АСЈО[15]. Дополнително олеснување за полагањето на тестот се и понудените одговори предвидени со Правилникот, во кој, за разлика од претходно, сега е предвидено да има еден точен, а два неточни одговори[16]. Промени се направени и во начинот на бодување, така што негативните поени се избришани и сега за погрешно одговорено прашање не се добиваат негативни поени[17]. На 15 декември Основниот суд Скопје II објави соопштение дека во рамки на досегашната соработка со Академијата овозможи реализација на практичниот дел од предавањата, согласно со Програмата за теоретска настава на АСЈО[18].
- Во октомври АСЈО спроведе тест наменет за судиите-поротници по апелациони подрачја, согласно со Правилникот за спроведување на испитот за судии-поротници[19], кој беше донесен со задоцнување во февруари 2017 година. Пред спроведувањето на испитот беа организирани специјализирани обуки за новоизбраните судии-поротници од страна на Судскиот совет за апелационото подрачје Скопје и Штип, кои се одржаа на 16 и 17 октомври 2017 година. На 17 октомври АСЈО, на својата веб страна, ги

| | |
|---|---|
| | објави испитните прашања за судиите-поротници, заедно со понудените одговори[20]. Не постои обврска за објавување на прашањата во Правилникот за спроведување на испитот за судии-поротници. Согласно со член 5 од Правилникот, на интернет-страницата на Академијата се објавува само специјализирана програма за судии - поротници која ги опфаќа темите и библиографијата, од кои се утврдуваат прашањата за испитот. Тестот беше спроведен во периодот од 24 до 27 октомври. Според резултатите кои АСЈО ги објави на веб страната, најголем дел од судиите-поротници, од сите апелациони подрачја, освоиле 25 бодови - максималниот број на бодови, а најслабиот резултат е 21 поен[21].<br>● АСЈО, генерално, работи транспарентно, со објавување на најзначајните информации на интернет страницата на АСЈО. Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за почетна обука донесен во јули 2017 година[22] не беше објавен на веб страната на АСЈО заклучно со декември 2017.<br>● Соработката со невладините организации на АСЈО продолжува и во периодот од октомври до декември 2017 година. На 27 октомври беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу АСЈО и Институтот во Сарагуза, во рамки на проектот „Зајакнување на борбата против незаконската трговија во Југоисточна Европа“[23]. На крајот на ноември, во соработка со МЗМП, беше објавен јавен повик за 5 (пет) експертски позиции за изработка на тренинг-модул (програма и содржина) во рамки на проектот „Заштита на правата на децата во кривична и граѓанска постапка“[24]. АСЈО соработува со партнерските организаии за имплементација на активностите превидени со овој проект. |

## 7. Да се обезбеди објавување на сите судски пресуди, во јасни рокови, определени со закон (и да се обезбедат целосни можности за пребарување и олеснет пристап);

| Надлежен орган | октомври-декември 2017 |
|---|---|
| Судови на РМ/ Врховен суд како надлежен за порталот www.sud.mk | ● Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор[25] се наведува дека со ставањето во функција на централизираниот портал www.sud.mk, започна да се надминува практиката за необјавување на пресудите. Порталот е пребарлива судска база на податоци во која се вклучени Судскиот совет на РМ и сите 34 судови на територијата на Република Македонија. Иако порталот е во функција, многу линкови не се доработени и со нивно кликање се доаѓа до полиња кои дополнително треба да се пополнат, со што не е исполнета стратешката насока за целосна функционалност на судската база. Судскиот портал има листа на информации од јавен карактер за секој суд, како и за надлежните портпароли и контакти за информации за јавноста.<br>● Во Судскиот деловник[26] се предвидува дека откако овластениот судски службеник ќе добие известување, преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, дека одлуката е верифицирана и испратена до странките (кај првостепените судови), односно до пониските судови (кај повисоките судови), во рок од 2 дена ја анонимизира одлуката (правосилна или неправосилна) и истата ја објавува на веб страната на судот, согласно со Законот за управување со движењето на предметите во судовите и донесеното упатство за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот. Во случаите кога јавноста е исклучена, согласно со Уставот на Република Македонија, законот и ратификуваните меѓународни договори, судските одлуки не се објавуваат на веб страницата на судот. Сите судски одлуки треба да се објавуваат на судскиот портал, меѓутоа се поставува дилема колку од нив се објавуваат, односно колку редовно се врши тоа. Според податоците од октомври – декември 2017 година, Управниот суд има најголем број објавени одлуки, Основниот суд во Неготино, суд со основна надлежност, нема објавени одлуки, додека Основниот суд Скопје 1, кој е суд со основна и проширена надлежност, има објавено само 18 одлуки, што е нереално, со оглед дека станува збор за еден од најголемите судови во државава. Основниот суд Скопје II, суд со основна и проширена надлежност, има објавено само 193 одлуки. За разлика од ажурноста на објавување на судските одлуки, ССРМ[27], како ефикасни и ажурни судови ги има оценето Управниот суд и Основниот суд Скопје I, додека како неефикасни и неажурни Основниот суд Скопје II и Основниот суд во Неготино. На судскиот портал објавени се аноминимизирани и неанонимизирани одлуки, без информација дали се правосилни.<br>● Основните судови Скопје I и Скопје II, Апелациониот суд во Скопје и Врховниот суд редовно објавуваат соопштенија за јавноста, што укажува на транспарентното работење на овие судови. Во текот на извештајниов период известувања до јавноста имаат и Вишиот управен суд, Управениот суд, Апелациониот суд Битола, Апелациониот суд Штип, како и основните судови во Велес, Кавадарци, Битола, Ресен, Прилеп, Струга, Берово, Делчево, Струмица, Виница. Она што е карактеристично е дека различни судови даваат различни информации како соопштение до јавноста.<br>● Во однос на објавувањето на судските одлуки во законски предвидените рокови, беше спроведена анкета со адвокати. Резултатите од анкетата се достапни во претходниот Мониторинг извештај[28]. |

## 8. Да се изработи досие за вкупната должина на судските постапки, со специјален фокус врз „стари предмети"

Во Извештајот на Прибе, од 2017 година беше извршена проценка на статусот во однос на исполнувањето на препораките дадени во Извештајот од 2015 година, согласно со кој само една, од вкупно 12 препораки, дадени во 2015 година, е имплементирана. Една од препораките, која не е исполнета, е изработката на досие за вкупната должина на судските постапки, со фокус на старите предмети, од страна на Судскиот совет на РМ. Во Првиот мониторинг извештај беа опфатени сите основни и апелациски судови во РМ, со информација за бројот на предмети постари од 3, 7 и 10 години. Во овој мониторинг извештај се задржавме на судовите за кои, со првиот мониторинг, беше забележано дека имаат најголем број нерешени предмети.

Во табелата што следи е прикажан бројот на нерешени предмети постари од 3, 7 и 10 години за насловните судови[30].

| Суд[29] | Нерешени предмети од 3 до 7 години | Нерешени предмети од 7 до 10 години | Нерешени предмети над 10 години |
|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје 1 Скопје | 750 | 84 | 18 |
| Основен суд Скопје 2 Скопје | 849 | 89 | 38 |
| Основен суд Куманово | 653 | 13 | 10 |
| Основен суд Битола | 23 | 4 | 1 |
| Основен суд Гостивар | 927 | 112 | 2 |

Споредбено со информациите во првиот мониторниг извештај, забележавме дека **Основен суд Гостивар** има зголемен број нерешени предмети од 7 до 10 години, за дополнителни 79 предмети. Од вкупниот број предмети, 99 се предмети за оставинска постапка. Во **Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје** е намален бројот на нерешени предмети постари од 7 и 10 години, додека во **Основен суд Куманово** е зголемен за 6 предмети, постари од 7 до 10 години и 3 предмети постари од 10 години. Во **Основен суд Битола** има само еден предмет над 10 години. Од табеларниот приказ може да се увиди дека во сите наведени судови има голем број нерешени предмети, со времетраење од 3 до 7 години. Податоците се однесуваат заклучно со месец декември 2017 година.

**Пред Управниот суд на РМ има 38 нерешени предмети, со времетраење од 3 до 7 години, од кои 4 се предмети за денационализација и 1 за експропријација. Управниот суд нема нерешени предмети постари од 7 и 10 години[31]. Вишиот Управен суд нема незавршени предмети постари од 3, 7 и 10 години[32].**

Согласно со добиените податоци, во Управниот суд предметите се заведуваат по поднесена тужба против управен акт донесен во втор степен и првостепен управен акт против кој нема правен лек -жалба, и притоа, со самата тужба, се формира нов предмет, со посебен број, со што не постои увид во целокупниот период во кој се одлучува по определен предмет, односно должината на претходната постапка.

Во табелата што следи е прикажан бројот на поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок и бројот на предмети во кои е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок од страна на Врховниот суд на РМ, за периодот од октомври до декември 2017 година, за наведените судови за кои во првиот мониторинг извештај беше забележано дека имаат најголем број стари предмети[33].

| Суд | Број на поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховен суд на РМ | Број на предмети во кои е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок од страна на Врховниот суд на РМ |
|---|---|---|
| Основен суд Скопје 1 Скопје | 15 | 8 |
| Основен суд Скопје 2 Скопје | 38 | 11 |
| Основен суд Куманово | 0 | 0 |
| Основен суд Штип | 0 | 0 |
| Основен суд Битола | 2 | 0 |
| Основен суд Гостивар | 9 | 2 |
| Управен суд на РМ | 54 | 21 |

Согласно со добиените податоци, најголем број поднесени барања и утврдена повреда за судење во разумен рок од страна на Врховниот суд, во период од октомври до декември 2017 година има за постапки пред Управниот суд на РМ, Основен суд Скопје 2 Скопје и Основен суд Скопје 1 Скопје.

При спроведувањето на структуирани интервјуа со група адвокати, најголемиот дел сметаат дека, иако од Врховниот суд на РМ е предвидено да постапува во рок од 6 месеци по Барања за судење во разумен рок, се случува судот да го надмине тој рок во одлучувањето. **За постапките пред Врховен суд, во периодот на мониторинг, се поднесени 3 Барања за судење во разумен рок.**

## 9. Да се обезбеди брзо извршување на сите пресуди на Европскиот суд за човекови права против државата (особено преку воведување практични и ефективни мерки за секоја категорија на случаи)

Неизвршувањето на одлуките на ЕСЧП има негативно влијание на заштитата на човековите права. Извршувањето на пресудите е една од обврските на РМ преземени со ратификацијата на ЕКЧП.

| октомври-декември 2017 | |
|---|---|
| **Донесени се две пресуди[34] во кои е утврдена повреда на правата загарантирани со ЕКЧП:** | |
| Православна Охридска Архиепископија против РМ (3532/07) | Крстановски и други против РМ(38024/08 и 54726/08). |
| **Православна Охридска Архиепископија против РМ** - констатирана е повреда на правото на слобода на собирање и здружување и слобода на мислата, совеста и религијата, поради одбивање за регистрација на здружението како верска заедница.<br>**Крстановски и други против РМ** -констатирана е повреда на правото на фер судење, поради повреда на правото на судење во разумен рок, во постапка за денационализација. | |
| **Предмети кои се под засилен надзор[35] од Комитетот на министри:** | |
| Ел Масри против РМ (39630/09) | Хајрилаху против РМ (37537/07) |
| | |
| **Со доставување на акциониот извештај за предметот Ивановски против РМ, како водечки предмет, и Карајанов против РМ, како повторувачки предмет, од кои двата предмети беа под засилен надзор, од табелата подолу може да се забележи дека е направена промена на статусот на овие два предмети.** | |
| **Предмети преминати од засилен во страндарден надзор** | **Предмети за кои е донесена финална резолуција од Комитетот на министри[36]** |
| Карајанов против РМ (2229/15) | Ивановски против РМ (29908/11) |
| | |
| **Доставени се два акциони планови/извештаи до Комитетот на министри** од Бирото за застапување, со предвидени општи и поединечни мерки кои РМ ги презела и планирала да ги преземе за предметите: | |
| Ивановски против РМ (29908/11) и Карајанов против РМ (2229/15) на 13.10.2017 година | Китановска Станојковиќ против РМ (2319/14) на 19.10.2017 година |
| За следење за извршувањето на одлуките на ЕСЧП во РМ, формирана е Меѓуресорска комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, при што, согласно со член 12 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП, има обврска да одржи минимум 4 состаноци во текот на една календарска година. | |
| **На 25.10.2017 година е одржана 13-тата седница на Меѓуресорската комисија, прва седница во текот на 2017 година[38]. На седницата се дадени препораки за подолу наведените предмети.** | |
| Митови против РМ (53565/16) | Митриновски против РМ (6899/12) |
| Попоски и Дума против РМ (69916/10 и 36531/11) | Јакшовски и Трифуновски против РМ (56381/09 и 58738/09) |
| Миткова против РМ (48386/09) | Карајанов против РМ (2229/15) |
| Геровска Попчевска против РМ (48783/07) | Селмани и други против РМ (67259/14) |

Од страна на Комитетот на министри, одржан е состанок, во декември 2017 година, на кој се донесени одлуки за предметот **Ел Масри против РМ** (39630/09)[39]. Пресудата е конечна, од декември 2012 година, а властите немаат доставено никаква информација како одговор до Комитетот од март 2017 година. Во одлуките е наведено дека властите треба да дадат јавно извинување на жалителот и да го информираат Комитетот за напредокот во спроведувањето на општите мерки за извршување на одлуката, при што овие информации треба да се доставaт, заклучно со март 2018 година. Истовремено, на Секретаријатот му е наложено да изготви нацрт-времена резолуција за наредниот состанок на Комитетот, кој ќе се одржи во јуни 2018 година. Доколку не се исполнат обрвските од РМ, ќе биде донесена времена резолуција која ќе бида прва за Република Македонија.

Во предметот **Китановски против РМ (15191/12)**[40], пресудата е правосилна, од 22.4.2015 година. Овој предмет е водечки предмет за предметите Илиевска против РМ (20136/11), Андоновски против РМ (24312/10) и Аслани против РМ (24058/13). По донесената пресуда, од ЕСЧП за предметот Китановски против РМ, **во рок од 1 година, донесени се уште три пресуди против РМ, кои се повторувачки на овој предметот**, односно се настанати исти или слични повреди на правата загарантирани со ЕКЧП. Доставен е акционен план, на 16.3.2017 година[41], за сите овие предмети, во кој се предвидени мерки насочени кон превенирање на настанување исти или слични повреди на членовите 2 и 3 од ЕКЧП, во материјална и процедурална смисла, и мерки насочени кон подигнување на јавната свест[42].

По донесување на гореспоменатите одлуки од ЕСЧП, за клонирани случаи, може да заклучиме дека има потреба од интензивна работа на предвидување и исполнување на мерките предвидени во акционите планови/извештаи. Иако Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП и Меѓуресорската комисија, се надлежни за следење на извршувањето на одлуките на ЕСЧП и давање препораки, органите кои ја сториле повредата треба да ги извршуваат и да ги спроведуваат пресудите на ЕСЧП, како и да ги отстранат последиците од повредата, се‘ со цел да се спречи повреда на ЕКЧП и настанување на клонирани случаи

Со доставување редовни известувања до Меѓуресорската комисија, од страна на надлежните органи за начинот на кој е постапено по препораките, би можело да спречи пречекорување на роковите за доставување на Акциониот план/извештај, а тоа ќе придонесе и за навремено известување од Бирото за застапување до Комитетот на министри за спроведените активности.

Во процесот на извршување на одлуките на ЕСЧП би имало напредок **доколку Меѓуресорската комисија одржува редовни состаноци**, имајќи го предвид фактот дека во последните 2 години има одржано по една седница годишно, што е значително мал број, имајќи ги предвид нејзините надлежности. Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2022 г., со акциски план, стр.7

---

1. Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2022г., со акциски план, стр.15
2. Ибид. стр.15
3. Интервју со претставник на АСЈО, 11.1.2018 г.
4. Интервју со претставник на АСЈО, 11.1.2018 г.
5. Интервју со претставник на АСЈО, 11.1.2018 г.
6. На овој став е и АСЈО, со напомена на можноста за враќање на деловите за пишување на пресуди и симулирање на судења.
7. Соопштението е достапно на http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/10444
8. Интервју со претставник на АСЈО, 11.1.2018 г.

9. Интервју со претставник на АСЈО, 11.1.2018 г.

10. Огласот е достапен на https://goo.gl/uVf1ip

11. Интервју со претставник на АСЈО, 11.1.2018 г.

12. Интервју со претставник на АСЈО, 11.1.2018 г.

13. Интервју со претставник од АСЈО, 11.1.2018 г.

14. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за почетна обука, Службен весник бр.88, 2017 година;

15. Прашањата започнаа да се објавуваат од 29.11.2017 г. Прашањата се достапни на http://www.jpacademy.gov.mk/po-cetna-obuka-mk/teoretska-nastava/-2017

16. Со Правилникот за почетна обука, од февруари 2017 година, беше предвидено одговорите да бидат еден точен, еден полуточен и еден неточен одговор.

17. За разлика од претходното решение, во Правилникот каде неодговарањето на прашање носеше -0,10 бодови, неодговарањето на прашањето, со измените, не се бодира, односно дава 0 бодиви.

18. https://goo.gl/YboeV1

19. Правилникот е достапен на: https://goo.gl/BFs3GJ

20. Прашањата се достапни на следниот линк: https://goo.gl/4rG4Nf

21. Резултатите се достапни на следниот линк: http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/-a-ea-----

22. Правилник за изменување и дополнување на правилникот за почетна обука, Службен весник бр.88, 2017 година

23. http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/aa-a------------

24. http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/----a--5--------------------

25. Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 - 2022 година https://goo.gl/Fi1nPK

26. Член 130, Судски деловник, Сл. Весник на РМ, бр.66 од 09.05.2013 година

27. Годишен извештај за работата на Судскиот совет за 2016 година, достапен на file:///C:/Users/Asus%20Notebook/Downloads/izvestaj_za_rabotata_na_ssrm_2016.pdf

28. https://goo.gl/ZD89XA

29. Поднесено е и барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр.I 0306-681/1 до Основен суд Штип на 29.09.2017 година, на кое до 06.02.2018, нема добиен одговор

30. Податоците се добиени по одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до насловните судови: Основен суд Скопје 2 Скопје, бр.I 0306-678/1, Основен суд Битола, бр.I 0306 -685/1, Основен суд Скопје 1 Скопје, бр.I 0306-677/1, Основен суд Гостивар, бр.I 0306-676/1, Основен суд Куманово, бр.I 0306-675/1;

31. Податоците се добиени од добиен одоговор, бр.03-2/1, по поднесено барање за слободен пристап до инфомации од јавен карактер, бр.I 0306-682/1, до Управен суд на РМ;

32. Податоците се добиени од добиен одоговор, бр.1-4/2018, по поднесено барање за слободен пристап до инфомации од јавен карактер, бр.I 0306-680/1, до Вишиот управен суд на РМ;

33. Податоците се добиени по одоговор, бр.1/2018, по поднесено барање за слободен пристап до инфомации од јавен карактер, бр. I 0306-679/1, до Врховен суд на РМ;

34. https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016806fe3b2https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"languageisocode":["ENG"],"respondent":["MKD"],"documentcollectionid2":["JUDGMENTS"],"kpdate":["2017-10-01T00:00:00.0Z","2017-12-31T00:00:00.0Z"]}

35. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["CEC"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"],"EXECSupervision":["ENHA"]}

36. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["res"],"EXECPublishedDate":["2017-10-01T00:00:00.0Z","2017-12-31T00:00:00.0Z"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"]}

37. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["acp","acr"],"EXECPublishedDate":["2017-10-01T00:00:00.0Z","2017-12-31T00:00:00.0Z"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"]}

38. http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/%D0%97%D0%B0%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BE%D0%B4-13%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%9A.pdf и добиен одговор бр.09-3/2, по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр.I 0306-683/1, до Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП

39. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"fulltext":["el masri"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"],"EXECIdentifier":["004-6448"]}

40. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"fulltext":["el masri"],"EXECIdentifier":["004-6448"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"]}

41. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"fulltext":["Kitanovski"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"],"EXECIdentifier":["004-6582"]}

42. https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016806fe3b2

43. Поднесено е барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр.I 0306-684/1 до Министер за правда, Меѓуресорска комисија за извршуваење на одлуките на ЕСЧП на 29.09.2017 година,. на кое до 06.02.2018 година, нема добиен одговор